Врз основа на член 35 став 2 во врска со став 1 алинеја 1 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на Република Македонија број 52/2010, 135/2011 и 55/2016 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 239/22), а согласно член 25 став 1 од Статутот на Фондацијата за пружање долгорочна помош и поддршка ЗАЕДНО ЗА ЕДНО – Скопје, основачот Здружение за остварување на заеднички интереси на банките и унапредување на нивното работење МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА Скопје на ден 01 април 2025 година ја донесе следната:

# П Р О Г Р А М А

## за дејствување на Фондација за пружање долгорочна помош и поддршка ЗАЕДНО ЗА ЕДНО - Скопје

## ВОВЕД

Фондација за пружање долгорочна помош и поддршка ЗАЕДНО ЗА ЕДНО – Скопје (во понатамошниот текст: "Фондација") е основана во согласност со Законот за здруженија и фондации (Службен весник на Република Македонија број 52/2010, 135/2011 и 55/2016 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 239/22) со цел пружање долгорочна помош и поддршка на настраданите лица погодени од трагичниот пожар што се случи во Кочани, Република Северна Македонија на ден 16 март 2025 година, нивните семејства и блиски лица.

Во своето работење, Фондацијата ќе се придржува кон начелата на: независност, јавност, транспарентност, отчетност, непрофитност, непартиско делување, иницијативност во јавниот живот, совесност, чесност, како и сите останати начела кои се својствени за работа на фондација од ваков вид.

Оваа програма претставува рамка во која се утврдуваат основните насоки за севкупната активност и дејствување заради остварување на целите и задачите на Фондацијата непосредно утврдени во Актот за основање и во Статутот на Фондацијата.

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

Целта за основање на Фондацијата е транспарентно фокусирање на хуманитарни активности преку собирање средства и нивно насочување кон пружање долгорочна помош и поддршка за настраданите лица погодени од трагичниот пожар што се случи во Кочани на ден 16 март 2025 година, нивните семејства и блиски лица. Притоа, како посебни цели и задачи на Фондацијата се издвојуваат следните:

- долгорочна финансиска и материјална поддршка;
- помош во процесот на рехабилитација и реконструктивни медицински третмани;
- психолошка поддршка и советување;
- поддршка во образованието и професионалната реинтеграција;
- промоција на солидарност и општествена одговорност во рамки на банкарскиот сектор и пошироката заедница.

Целите и задачите на Фондацијата ќе се остваруваат преку пружање на разни форми на долгорочна помош и поддршка за настраданите лица погодени од трагичниот пожар, нивните семејства и блиски лица шти вклучува:

- пружање на финансиска и материјална поддршка преку:

  - долгорочно обезбедување финансиска помош,
  - донации во форма на основни потреби (храна, облека, сместување, лекови),
  - организирање хуманитарни акции и партнерства со компании и институции;

- овозможување на медицинска рехабилитација и реконструктивни третмани преку:

  - покривање на трошоци за медицински третмани и операции,
  - поддршка за пристап до специјализирани здравствени установи,
  - организирање кампањи за подигнување на свеста за рехабилитација;

- психолошка поддршка и советување преку:

  - обезбедување на бесплатни психолошки услуги,
  - организирање групи за поддршка и програми за ментално здравје,
  - соработка со стручни лица и институции за психолошка помош;

- образовна и професионална реинтеграција преку:

  - стипендии и грантови за погодените лица и нивните деца,
  - обуки, преквалификација и поддршка за вработување,
  - создавање партнерства со компании за работни можности;

- промоција на солидарност и општествена одговорност преку:

  - вклучување на банкарскиот сектор во хуманитарни иницијативи,
  - организирање кампањи за подигнување на јавната свест за потребата од помош,
  - организирање волонтерски програми и настани за солидарност,

- други форми на долгорочна помош и поддршка за настраданите лица погодени од трагичниот пожар, нивните семејства и блиски лица.

**ПЛАН НА АКТИВНОСТИ И НИВНО СПРОВЕДУВАЊЕ**

Во текот на работењето, Фондацијата за секоја календарска година ќе носи поединечни програми и планови за активностите согласно Статутот со кои ќе ги остварува утврдените цели и задачи.

Фондацијата ќе ги спроведува предвидените активности преку своите органи со можност да се организираат и постојани и повремени работни тела, комисии, стручни служби и сл. со ангажирање на стручни надворешни лица од област на здравството, медицината, образованието, релевантни чинители од банкарскиот сектор и граѓанското

општество и сл., кои може да дадат свои мислења, предлози, иницијативи, стручни објаснувања при остварувањето на целите и задачите на Фондацијата.

За да се обезбеди ефективно спроведување на активностите, Фондацијата ќе примени следните механизми:

- мониторинг и евалуација: редовно следење и оценување на ефективноста на програмите;
- транспарентност: објавување на финансиски извештаи и резултати од активностите;
- соработка: со други лица, здруженија, асоцијации, регионални здружувања од сличен вид и други форми на организирање и работење од земјата и од странство, стручни лица од област на здравство, медицина, образование, државни органи, приватен сектор и граѓански организации;
- адаптација: прилагодување на програмите според потребите на погодените лица од трагичниот настан.

За спроведување на предвидените активности, Фондацијата ќе користи сопствени парични средства стекнати со придонес од основачот МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, донации од: членови на МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА, трговски друштва, правни лица, поединци-физички лица и други заинтересирани субјекти, подароци (во пари, добра, имотни права), приходи од проекти други приходи во согласност со закон.

За секоја календарска година Фондацијата ќе изготвува и усвојува и годишен финансиски план за приходите и расходите кој ќе ги содржи податоците за приходите но и расходите за општествената активност, за плати на вработени, хонорари и други материјалните трошоци поврзани со работењето.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Програмата за дејствување на Фондацијата е во согласност со целите и задачите утврдени со Актот за основање и Статутот на Фондација, а за нејзино спроведување се одговорни органите на Фондацијата.

**Скопје, 01 април 2025 година**

**ОСНОВАЧ:**
**Здружение за остварување на заеднички интереси на банките и унапредување на нивното работење МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА Скопје**

**ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ:**

**Д-Р МАЈА СТЕВКОВА ШТЕРИЕВА, ПРЕТСЕДАТЕЛ**

__________________________